## Информација за остварените приходи од продажба во сегмент фармација за период 01.01. - 31.12. 2023 година

Во периодот од 01.01. до 31.12. 2023, друштвото Реплек АД реализираше вкупни приходи од продажба кои го надминаа проектираниот бизнис план објавен во март истата година со 100.5% реализација.

### Приходи од продажба во сегмент фармација

Друштвото Реплек АД објавува дека вкупните приходи од продажба во сегмент фармација за период 01.01. - 31.12. 2023 година изнесуваат 1.546 милиони денари (25.1 милиони евра), и се зголемени за 457 милиони денари (7.4 милиони евра), односно 42% во однос на истиот период минатата година.




### Приходите од продажба по деловни сегменти:

- Консолидирани приходи од продажба во сегмент фармација бележат раст за 42% во однос на минатата година.

- Приходите од продажба на странските пазари се зголемени за 43% односно по региони како што следува:

| **Приходи од продажба (000) МКД** | **31.12.2023** | **31.12.2022** | **промена %** |
|---|---|---|---|
| ЗНД | 695.404 | 430.827 | 61% |
| Југоисточна Европа | 209.991 | 161.724 | 30% |
| Африка и Близок Исток | 195.872 | 155.748 | 26% |
| ЕУ (000) | 80.908 | 57.700 | 40% |
| Југоисточна Азија (000)МКД | 31.047 | 40.160 | -23% |
| **Вкупно** | **1.213.222** | **846.159** | **43%** |




- Приходите од продажба на домашен пазар на сегмент фармација се зголемени за 37% во однос на истиот период минатата година.




**Приходи од продажба по географски сегменти:**

- Приходите од продажба на странски пазар со учество во вкупните приходи од продажба од 78% (2022: 78%) се зголемени за 43%.

- Приходите од продажба на домашен пазар со учество во вкупните приходи од продажба од 22% (2022: 22% ) се зголемени за 37%.

